АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 01-382/1
25.12. 2025 год.
СКОПЈЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2026



Декември 2025

www.ap.mk

Врз основа на член 73 став 3 од Законот за поштенските услуги услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 275/2019, 150/2021, 227/2022, 284/2023, 224/2024 и 37/2025) Директорот на Агенцијата за пошти донесува Годишна програма за вршење надзор.

Агенцијата за пошти врши надзор над спроведување на Законот на поштенските услуги и прописите донесени врз основа на овој закон преку овластени раководни и стручни лица од Агенцијата, овластени со решение на директорот на Агенцијата. Во Агенцијата има 7 овластени лица за вршење на надзор.

Целта на надзорот над давателите на поштенски услуги е да се утврди евентуално постоење на неправилности во работењето на поштенските оператори, да се преземат мерки за нивно отстранување со што би се остварила крајната цел - подобрување на квалитетот на поштенските услуги, полесен пристап на корисниците до услугите, како и целосно спроведување на Законот за поштенските услуги.

Овластените лица се должни да ги известат давателите на поштенски услуги во кои ќе се врши надзорот за денот, времето и содржината на надзорот согласно оваа Програма.

Согласно член 76 од законот, надзорот ќе се спроведува како:

1) редовен надзор кој опфаќа надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врз основа на годишната програма за вршење надзор;

2) вонреден надзор кој по правило се врши ненајавено, врз основа на поднесена иницијатива од корисници или даватели на поштенски услуги, како и во случај на сомневање на овластеното лице (по службена должност) и

3) контролен надзор кој се врши по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на директорот на Агенцијата, при што овластеното лице при утврдување на фактичката состојба ќе констатира дека субјектот на надзорот:

- постапил по решението во целост,
- делумно постапил по решението или
- не постапил по решението.

**РЕДОВЕН НАДЗОР**

Субјекти на редовен надзор во 2026 година ќе бидат следните давателите на поштенски услуги:

| Реден број | Назив | Давател на поштенски услуги од | Време на спроведување на надзорот |
|---|---|---|---|
| 1 | ГЛОБАЛ МЕССАГЕ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | 25.01.2013 година | Прв квартал (јануари, февруари, март) |
| 2 | ПНЛ ТРАНСЛОГ ДООЕЛ СКОПЈЕ | 12.12.2008 година | Прв квартал (јануари, февруари, март) |
| 3 | ДХЛ Експрес Македонија ДООЕЛ Скопје | 12.12.2008 година | Прв квартал (јануари, февруари, март) |
| 4 | ЈОКАМ пошта 2011 ДООЕЛ с.Оровник Дебарца | 23.01.2012 година | Прв квартал (јануари, февруари, март) |
| 5 | АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ | 12.12.2008 година | Втор квартал (април, мај, јуни) |
| 6 | Интернешенел меил деливери-ИМД ДОО Скопје | 28.05.2018 година | Втор квартал (април, мај, јуни) |
| 7 | ИН ТИМЕ МК БПС ДОО Скопје | 12.12.2008 година | Втор квартал (април, мај, јуни) |
| 8 | ЕКО ЛОГИСТИК СЕРВИС ДООЕЛ Скопје | 02.04.2018 година | Трет квартал (јули, август, септември) |
| 9 | Б ПОСТ ДООЕЛ Скопје - Подружница Б ПОСТ Скопје | 06.05.2021 година | Трет квартал (јули, август, септември) |
| 10 | БАЛКАН ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ДОО Скопје | 03.01.2015 година | Трет квартал (јули, август, септември) |
| 11 | ЕКСТРА 03 ДООЕЛ Кавадарци | 28.02.2014 година | Трет квартал (јули, август, септември) |
| 12 | ИН ПОШТА РАДЕСКИ ДООЕЛ Скопје | 27.07.2015 година | Четврти квартал(октомври, ноември, декември) |
| 13 | АНФИЛЕНД ДООЕЛ увоз извоз- за подружница БРЗА ПОШТА број еден Скопје | 11.01.2019 година | Четврти квартал(октомври, ноември, декември) |
| 14 | АНАНАС ЕКСПРЕС ДООЕЛ Скопје | 16.07.2025 година | Четврти квартал(октомври, ноември, декември) |
| 15 | МОЈА ПРАТКА ДООЕЛ с.Долно Каласлари Велес | 23.09.2025 година | Четврти квартал(октомври, ноември, декември) |

Во текот на 2026 година Агенцијата за пошти ќе врши редовен надзор кај давателите на поштенски услуги при што како основна цел на надзорот ќе биде:

- **почитување на обврските при обезбедување на поштенските услуги** согласно Законот за поштенските услуги и актите донесени врз основа на него;

- ***доставување известување до Агенцијата*** за секоја промена на општите услови како и на податоците наведени и доказите приложени кон нотификацијата;

- **извршување на плаќањето** на паричните обврски, на име на надоместоци и трошоци од овој закон, на начин и во рокови утврдени со поединечни акти на Агенцијата;

- **доставување Извештаи за финансиски податоци и информации поврзани** со обезбедувањето на поштенските услуги двапати годишно и тоа за првата половина од календарската година до 01 септември, а за втората до 01 март наредната година;

- **вршење евидентирање на поштенските услуги** при што се должни да ги внесуваат сите адресните податоци на примач и на испраќач (име и презиме/назив за правни лица и нивни полни адреси), вид на услуга, начин и износ на плаќање за услугите;

- **почитување на обезбедување на резервираните поштенски услуги на пратките за коресподенција со тежина до 50 грама,** по цена најмалку два и пол пати повисока, од цената по која давателот на универзална услуга ги обезбедува поштенските услуги на пратките за коресподенција од стандардна категорија во прва тежинска стапка. Ограничувањата во поглед на цената на услугата и тежината на пратките се однесуваат и на услугите на адресирана директна пошта.

Надзорот ќе се изврши во обем, за секој од субјектите моделиран и утврден врз основа на согледувања од претходно извршените анализи на работењето на давателите.

**ВОНРЕДЕН И КОНТРОЛЕН НАДЗОР**

Вонредниот и контролниот надзор ќе бидат вршени ***согласно укажаната потреба, односно по поднесена иницијатива од корисници или даватели на поштенски услуги.***

**Агенција за пошти**

**Директор,**

**Марина Тоневска**